13. IX. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 6 септември 1989
Скопје
Број 33 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 6.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**596.**

Врз основа на член 254 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88) Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 19 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Студентскиот центар „Скопје“ — Скопје се именуваат:

Насте Стојковски ,директор на „Студентски збор“ Скопје, и

Џулистана Јумеровска ,делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2920
19 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**597.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 6/89, 19/89, 27/89, 31/89 и 32/89), во член 2 точка 4 износот „6.500“ се заменува со износот „11.500“ и во точка 16 износот „20.000“ се заменува со износот „25.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1732/1
2 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**598.**

Врз основа на член 12 и 26 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), а во врска со точка 2, 1, 5 (3) под II Трет дел од Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 45/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за распоредување на средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр 15/89), во член 1, износот „2.206.000.000“ се заменува со износот „8.490.200.000“.

Член 2

Во член 2, по точката 2, се додаваат точките 3 и 4 кои гласат:

3. РО „Сувенир“
   — за изградба на станови за вработените од РО „Сувенир“ 1.700.000.000
4. Управата за заеднички работи на Извршниот совет на Собранието на СРМ
   — за реконструкција на кровот на објектот на Републичкиот завод за статистика 4.584.200.000

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1752/1
2 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**599.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ број 50/88), а во врска со член 53 став 1 точка 2 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се одобруваат средствата како учество на СРМ во отстранувањето на последиците од земјотресот во Ереван — СССР, во износ од 200.000.000 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се одобруваат согласно заклучокот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесен на седницата одржана на 26 декември 1988 година.

3. Користењето на средствата ќе се врши преку посебната републичка сметка, средства на СРМ за помош на настраданите од земјотресот во СССР.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-17/195
26 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

---

**600.**

Врз основа на член 203 став 3 од Законот за општонародна одбрана — пречистен текст („Службен весник на СРМ", бр. 17/88), републичкиот секретар за народна одбрана донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ЗАШТИТА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се пропишува начинот и постапката за водење на евиденција на објектите за заштита.

2. Во евиденцијата на објектите за заштита задолжително се внесуваат засолништата кои се технички прегледани и одобрени за употреба и засолништата градени во поранешниот период за кои постои техничка документација (во натамошниот текст: засолништа).

3. Во евиденцијата на објектите за заштита може да се внесат и погодните подрумски и други природни и вештачки објекти (во натамошниот текст: засолни), како и локации погодни за изградба на објекти за заштита од рововски вид (локации за ровови), доколку со документите од планот за одбрана е предвидена нивната употреба во војна.

### Начин и постапка на водење на евиденцијата

4. Евиденцијата на објектите за заштита се води на обрасци кои се составен дел на ова упатство и тоа:

— Регистар на објекти за заштита (Образец 1);
— Картон на објект за заштита (Образец 2); и
— Технички картон на објект за заштита (Образец 3).

5. Евиденцијата на објектите за заштита се врши со запишување во регистарот на објекти за заштита (Образец 1). Објектите за заштита кои се запишани во регистарот, задолжително се означуваат во графичкиот прилог (геодетска карта, односно карта на деталниот урбанистички план) кој е составен дел на регистарот.

6. Запишувањето на засолништата во регистарот се врши врз основа на записникот за технички преглед на засолништето, а пред издавање на одобрението за употреба на засолништето, односно објектот во кој се наоѓа засолништето.

7. Засолништа градени во поранешниот период се запишуваат во регистарот врз основа на одобрението за употреба, извештајот за состојбата на засолништето од периодичниот технички преглед и врз база на постојната евиденција.

8. Засолните и локациите за ровови се запишуваат во регистарот на заштитни објекти врз основа на плановите за одбрана — документите за засолнување и извештајот за извршениот преглед на засолните, или локациите, од страна на стручната комисија што ја формира Општински штаб за цивилна заштита.

9. За секој објект за заштита запишан во регистарот на објекти за заштита, се формира картон за евиденција на објект за заштита (Образец 2).

10. Од картоните за евиденција на заштитните објекти се формира картотека според видот на објектите за заштита (засолништа за дополнителна, основна и зајакната заштита, засолни и локации за ровови)

Општини кои располагаат со повеќе од 50 објекти за заштита може да формираат и картотека според намена на заштитните објекти во војна (јавни, за посебна намена, според место на становање, според место на работа) и картотека според распоредот на заштитните објекти по месни заедници.

11. За засолништата и засолните кои се запишани во регистарот на објекти за заштита, задолжително се формира технички картон на објект за заштита (образец 3).

Техничките картони се чуваат во објектите за заштита во просторијата за филтровентилациони уреди (ФВУ) или просторијата за престој.

Во општините кои имаат помалку од 50 објекти за заштита, техничките картони може да се чуваат во општинскиот орган на управата за народна одбрана.

Техничките картони кои се чуваат во објектите за заштита мора да се заштитат од влага.

12. Техничките картони и картоните за евиденција на објектите за заштита ги пополнува референтот за мерката засолнување од органот на управата за народна одбрана, или помошникот на началникот на Општинскиот штаб за цивилна заштита по мерката засолнување врз основа на записникот за технички преглед и прием на засолништето и врз основа на Извештајот на организацијата на здружен труд која е овластена за вршење на периодични технички прегледи на засолништата, односно извештајот на Комисија која има извршено снимање на состојбата на објектот за заштита, формирана од страна на Општинскиот штаб за цивилна заштита.

13. Во техничкиот картон на објектот за заштита задолжително се чува примерок од техничката документација (главен проект) според кој е градено засолништето и следните прилози:

— Одобрение за употреба;
— Извештај од атестирањето и техничката контрола (периодична);
— Упатство за одржување;
— Упатство за употреба и користење;
— Елаборат за подготовка за употреба или прилагодување на објектот за заштита; и
— Книга за одржување на засолништето.

Доколку при изградбата, изведувачот на работите има отстапувано од техничката документација, потребно е измените да ги внесе во техничката документација — елаборатот кој се чува како прилог на техничкиот картон.

### Содржина на обрасците за водење на евиденцијата и начин на пополнувањето

#### а) Регистар на објекти за заштита

14. Регистарот на објектите за заштита го води општинскиот орган на управата за народна одбрана на образец бр. 1 (формат А-4).

15. Во образецот се внесуваат следните податоци:

— реден број (колона 1);
— дата на запишувањето во регистарот (колона 2);
— назив на урбаната единица односно месна заедница, каде е сместен објектот за заштита (колона 3);
— ознака за идентификација на објектот за заштита во урбанистичкиот план (колона 4);
— адреса на објектот за заштита (колона 5);
— вид на објектот за заштита, според заштитните карактеристики (колона 6);
— отпорноста на конструкцијата на објектот за заштита на механичките дејства (колона 7) искажани во кРа*) за отпорност на натпритисок и калиброт на авио бомба искажан во килограми за отпорноста на пробивање;

---

*) кило паскали.

— намената на објектот за заштита во војна (колона 8).

За објектите за заштита кои се изградени според местото на становање се впишува „куќно“, според место на работа, ОЗТ или РО, за јавни потреби „Јавно“, а за посебни намени „специјално“, при што може да се означи и дејноста (командно место, центар за известување. штаб за цивилна заштита и др.).

— намената на објектот за заштита во мир (колона 9), се внесува според основната дејност за која се користи просторот (гаража, библиотека, продавница, клуб на техника, трим сала, МЗ и др.).

— адреса на седиштето и називот на мирновремените корисници (колона 10).

— капацитетот на објектот за заштита (колона 11), се определува според расположливиот простор и капацитет на системот за принудно проветрување, согласно на одредбите на Правилникот за техничките нормативи за засолништата.

— краток опис на состојбата на објектот за заштита (колона 13) и тоа: дали е завршен системот за проветрување, степенот на опременоста, појава на вода и други забелешки.

16. Податоците во колоните 6, 7, 9, 10, 11 и 12, се внесуваат со молив и можат да се коригираат.

### б) Картон на објект за заштита

17. Картонот на објектот за заштита се води на образец бр. 3 формат А-5, на две страни „а“ и „б“. На страната „а“ се внесуваат основните податоци за заштитниот објект, додека на страната „б“ се скицира основата и пресекот на објектот за заштита.

18. На страната „а“ се внесуваат следните податоци за објектот за заштита и тоа:

— име на општината и МЗ и ознака на урбаната единица според основниот урбанистички план;

— ознака на објектот за заштита според деталниот урбанистички план;

— адреса на локацијата каде е изграден објектот за заштита (улица и број) и евиденционен број од Регистарот на објектот за заштита;

— податоци за раководителот на објектот за заштита (именуван од штабот за цивилна заштита во месна заедница, организација на здружен труд или општина), име и презиме, занимање и матичен број;

— точен назив на сопственикот на објектот за заштита, односно органот или заедницата која стопанисува со него.

19. Податоците за намената во мир и војна, видот на заштитата, отпорноста и капацитетот се исти како и во регистарот на објектите за заштита (точка 15 алинеја 5, 6, 7. 8 и 10 на ова упатство).

20. Податоците за техничките карактеристики на објектот за заштита кои се внесуваат на страната „а“ се истоветни со податоците од страната „б“ на техничкиот картон на објектот за заштита и се обработени во точка 23 на ова упатство.

### в) Технички картон на објектот за заштита

21. Техничкиот картон на објектот за заштита, е во вид на триделна папка, формат А-4 со додаток од долната страна на лист формат А-5. Податоците се внесуваат на пет страници.

22. На страна „А“ покрај основните податоци за објектот за заштита кои се истоветни со основните податоци во регистарот и картонот за објектот за заштита се внесуваат и податоците за:

— екипите за засолнување со име и презиме на членовите и водителите на екипите;

— преглед на објектите (згради) од урбаната единица кои гравитираат кон засолништето;

— преглед на задолжителните активности за подготовка на објектот за заштита за употреба во војна (насипување, херметизација на мирновремените отвори, поставување на кинематички потпори и др.);

— краток опис на местата погодни за спасување;

— напомена;

— податоци за тестирањето со атестниот знак, бројот на атестот и дата на тестирањето и податоците за одобрението за употреба на објектот со број и датум;

— податоци за извршената техничка контрола (периодична), со дата на контролата, назив на организацијата на здружен труд што ја вршела контролата и потпис на овластеното лице;

23. На страна „Б“ се внесуваат податоци за техничките карактеристики на објектот за заштита и тоа:

— положба на објектот за заштита во почва и објектот (колона 1 до 6);

— дебелина и вид на материјалот од кој се изработени конструктивните елементи (колона 7—12);

— површина на засолништето и поодделни функционални целини во м$^2$ (колона 13—19);

— број на влезови и излези, како и врати и капаци со кои се затвораат отворите (колона 20—26);

— висина и запремина на објектот за заштита (колона 27 и 28);

— време на изолација во часови според нормативот еден м$^3$ воздух за престој од еден час за едно лице (колона 29);

— начин на проветрување на објектот за заштита (колона 30—34);

— начин на снабдување со енергија (колона 35—38);

— начин на снабдување со вода (колона 39 —41).

— број на вентилациони отвори (колона 42—47).

Во продолжението на страната „Б“ се скицира објектот за заштита (основа и пресек), меѓутоа, доколку кон техничкиот картон е приложен изведбен проект, скица не се работи.

24. На страна „В“ се внесуваат податоците за бројот, видот и ознаката на монтажните средства и подвижната опрема што се наоѓа во засолништето и тоа: филтровентилациони уреди, вентили за затворање на вентилационите отвори, елементи на песочните предфилтри, филтри за колективна заштита и филтри за прав, засуни, цевоводи, анемостати, мерноконтролни инструменти, елементи на електричната инсталација, средства за врски, седишта и лежаи, опрема за санитарии и чување на вода и храна, комплети за самоспасување, прирачни аптеки и други средства и опрема кои се наоѓаат во засолништето.

На оваа страница се внесуваат и податоци за лицата кои се задолжени со опремата и тоа: име и презиме, потпис и дата на примопредавање на опремата и засолништето.

25. На страна „Г“ се изработува скица на пошироката локација за населените места или делови од населените места кои не располагаат со детален урбанистички план, додека за населените места кои располагаат со детални урбанистички планови се приложува изводот од посебниот дел на деталниот урбанистички план на пошироката локација. Во скицата и изводот од планот се означуваат објекти кои гравитираат кон засолништето.

26. Во додатокот на папката (страна „Д“) се дава преглед на сервиси овластени за одржување на објекти на заштита со точен назив, адреса и телефон, како и список на прилозите на техничкиот картон.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

27. Општинските органи на управата за народна одбрана ќе воведат евиденција на заштитните објекти согласно на ова упатство во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

28. Објектите за заштита кои се евидентирани со постоечката евиденција во општината, треба да се внесат во оваа евиденција во рок од една година од денот на влегувањето во сила на ова упатство.

29. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-875/1
8 јули 1989 година
Скопје

Републички секретар
за народна одбрана,
генерал-мајор **Зоран Костовски**, с. р.

Образец бр. 1

НАРОДНА ОДБРАНА
СЛУЖБЕНА ТАЈНА
ИНТЕРНО

РЕГИСАР
на објекти за заштита

Општина: ____________

| Реден број | Дата на запишување | Идентификација во урб. план | | Адреса | Вид на заштита | Отпорност (кРа,кg) | Намена | | Корисник во мир | Капацитет (лица) | Дата на издавање на одобрение за употреба | Состојба на засолништето и забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Урбана единица | Ознака | | | | Војна | Мир | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | | | | | | | |

Образец бр. 2

Народна одбрана
Службена тајна
Интерно

"А"

КАРТОН НА ОБЈЕКТ ЗА ЗАШТИТА

| | | |
|---|---|---|
| Општина | | |
| МЗ,Населба | Урб.единица | |
| Адреса ул.,број и име | | |
| Ознака | Регистарски број | |
| Раководит. | Име и презиме | |
| | Матичен број | |
| | Занимање | |
| Сопственик | | |
| Намена | Мир | |
| | Војна | |
| Вид на заштита | | |
| Отпорнос | | |
| Капацитет | | |

| Технички карактеристики | Положба | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Почва | | | Објект | | |
| | Подземно | Полу. Вкоп. | Надземно | Слободно | Во објект | Прилепено |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | | |

| Конструк.елемен. | | | | | | Површина (м$^2$) | | | | | | | Број на | | | | | | | висина (м') | запремина (м3) | време на изол |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| плоча | | sид | | темел | | | | | | друго | | | | | врати | | | капак | | | | |
| дебелина | материја | дебелина | материјал | дебелина | материјал | вкупна | престој | санитарии | погон.прост | | | | влезови | излези | ВПХ | ВХ | ВО | КПХ | КХ | | | |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| проветрување | | | | | енергија | | | вода | | | | вент.отвори | | | | | | други податоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | довод | | | одвод | | | |
| Природна | херметизац. | заштитна | климатизац. | бр.на уреди | рачен агрег | аку.батер. | дизел агрег | надворешно | бунар | водовод | резервари | ф100 | ф200 | друго | ф100 | ф200 | друго | |
| 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

страна "Б"

СКИЦА НА ЗАСОЛНИШТЕТО

| |
|---|
| |

| | |
|---|---|
| ОПШТИНА | |
| МЗ, НАСЕЛБА | |

Образец бр. 3

страна"А"

НАРОДНА ОДБРАНА
СЛУЖБЕНА ТАЈНА
ИНТЕРНО

ТЕХНИЧКИ КАРТОН НА ОБЈЕКТ ЗА ЗАШТИТА

| | |
|---|---|
| АДРЕСА: | |
| ОЗНАКА | РЕГИСТАРСКИ БРОЈ |

| | | |
|---|---|---|
| Сопственик | | |
| Намена | Мир | |
| | Војна | |
| Вид на заштита | | |
| Отпорност (кРа, кg) | | |
| Капацитет | | |

| | | |
|---|---|---|
| Раководител на засолн. | Име и презиме | |
| | Матичен број | |
| | Занимање | |

Членови на екипи за засолнување:

Одобрение за употреба
Бр:_____ дата: ______

| Атесни знак | Дата на атестирањето |
|---|---|
| | Број на атестот |

Преглед на објекти кои гравитираат кон засолништето:

Техничка контрола

| Дата | назив на РО | потпис на овласт.лице |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| Задолжителни активности пред употребата | Погодни места за спасување |
|---|---|
| | Напомена |

ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАШТИТЕН ОБЈЕКТ Страна "Б"

| Положба во | | | | | | Конструкт.елементи | | | | | | Површина (м2) | | | | | | | Број на | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Почва | | | Објект | | | Плоча | | Sидови | | Темел | | | | | | Друго | | | | | Врати | | | Капци | |
| Подземно | Полу.вкоп | Надземно | Слободно | Во објект | Прилепено | Дебелина (см) | Материјал | Дебелина | Материјал | Дебелина | Материјал | Вкупна | Простор за прест. | Санитарии | Погонс.прост. | | | | Влезови | Излези | ВПХ | ВХ | ВО | КПХ | КХ |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | Вентилација | | | | | Изво.на енер | | | | Снаб.вода | | | Отвори за проветр. | | | | | | Други податоци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | Довод | | | Одвод | | | |
| Висина (м') | Запремина (м3) | Времена изолација | Природна | Херметизац. | Заштитна | Климатизац. | Број на уред. | Рачен агрегат | Аку.батерии | Дизел агрегат | Надворешно | Бунар | Водовод | Резервари | Ф 100 | Ф 200 | Друго | Ф 100 | Ф 200 | Друго | |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

СКИЦА НА ЗАСОЛНИШТЕТО

МЕРИЛО 1:

| |
|---|
| |

ПРЕГЛЕД НА МОНТАЖНИ СРЕДСТВА И ПОДВИЖНА ОПРЕМА (II и III ФАЗА) Страна "В"

| Ред.бр. | Назив на елементот | | Ознака | количина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | 4 |
| 1 | Филтро вентилациони уреди | | | |
| 2 | Брзозатворачи вентил | Ф200 | | |
| | | Ф100 | | |
| 3 | Вентил за натпритисок | Ф100 | | |
| | | Ф150 | | |
| 4 | Песочен предфилтер | Решетка | | |
| | | спојница | | |
| | | рачва | | |
| | | капак | | |
| 5 | Филтер за колект.заштита | | | |
| 6 | Противударен вентил | Ф200 | | |
| | | Ф150 | | |
| | | | | |
| 7 | Комбиниран противударен вентил за надпритисок | Ф100 | | |
| | | Ф150 | | |
| | | | | |
| 8 | Филтер за прав | | | |
| 9 | Лептираст засун | Ф100 | | |
| | | Ф150 | | |
| | | | | |
| 10 | Разводен цевовод (м) | Ф100 | | |
| | | Ф1500 | | |
| | | Ф200 | | |
| | | | | |
| 11 | Анемостати | Ф100 | | |
| | | Ф150 | | |
| 12 | Индикатор за јаглен моноксид | | | |
| 13 | Мерач за надпритисок | | | |
| 14 | Хидрометар термометар, манометар | | | |
| 15 | Хемиски детектор | | | |
| 16 | Радиолошки детектор | | | |

| 1 | 2 | | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Електрично броило | | | |
| 18 | Светлечки тела | Основно | | |
| | | помошно | | |
| 19 | Рачен агрегат | | | |
| 20 | аку.батерии | | | |
| 21 | склопки | | | |
| 22 | разводна табла | | | |
| 23 | приклучници | | | |
| 24 | прекинувачи | | | |
| 25 | Телефон,домофон | | | |
| 26 | Радио ТВ приемник | | | |
| 27 | Седишта легла | двострани | | |
| | | еднострани | | |
| 28 | суви нужник | | | |
| 29 | мијалник | | | |
| 30 | резервоар за вода | | | |
| 31 | сад за отпадоци | | | |
| 32 | сад за фекалии | | | |
| 33 | комплет за спасување | | | |
| 34 | прирачна аптека | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Лице задолжено со опремата

| Име и презиме | потпис | дата |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Страна "Г"
СКИЦА НА ПОШИРОКА ЛОКАЦИЈА МЕРИЛО 1:

МЕРИЛА 1: ——

Страна „Г“

СКИЦА НА ПОШИРОКА ЛОКАЦИЈА

Страна "Д"

ПРЕГЛЕД НА СЕРВИСИ

| Назив | Адреса и телеф. |
|---|---|
| | |

СПИСОК НА ПРИЛОЗИ

| | |
|---|---|
| | |
| | |

**601.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа, на седницата одржана на 8 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 22 и 30 од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија, донесен од Собранието на Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 45/82, 15/85 и 22/88).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената самоуправна интересна заедница на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 118/86 од 12 април 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на членовите 22 и 30 од тарифниот систем означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната спротивност со член 15 од Законот за облигационите односи.

4. На јавната расправа и на седницата Судот утврди дека во член 3 од Тарифниот систем како елементи на вкупната вредност на електрична енергија што ја плаќаат потрошувачите се утврдени основниот придонес за пресметковна моќ, преземената работна енергија и прекумерно преземената реактивна енергија. Според член 4 од Тарифниот систем, пак, основниот придонес за пресметковна моќ се плаќа според врвното оптоварување во киловати, а се пресметува со множење на соодветниот тарифен став со бројот на киловатите врвно оптоварување или на друг начин, ако нема можности за мерење со уреди, утврден со овој тарифен систем, како што е за потрошувачите од категоријата домаќинства.

Исто така, Судот утврди дека според член 22 од Тарифниот систем на сезонските потрошувачи на висок напон електричната енергија им се пресметува во времето на преземањето на електричната енергија по соодветните тарифни ставови ,додека во месеците на непреземањето им се пресметува по тарифен став само за средна моќ од месеците кога користеле електрична енергија.

Според членовите 46 и 47 од Општите услови за испорака на електрична енергија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/84 и 50/88) правата и обврските на испорачувачот и потрошувачот на електрична енергија од категоријата висок напон се утврдуваат со договор, во кој се утврдува и начинот на пресметувањето и плаќањето на електричната енергија.

Понатаму, Судот утврди дека согласно член 30 од Тарифниот систем потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинство плаќаат тарифни единици за пресметковна моќ, секој месец, во зависност од годишната потрошувачка во тековната година, со тоа што во декемвриската сметка за потрошена електрична енергија се врши конечна корекција на тарифните единици според остварената потрошувачка за цела година. Од оваа одредба, според мислењето на Судот, произлегува дека потрошувачите на електрична енергија од категоријата домаќинство се обврзани да плаќаат тарифни единици за пресметковна моќ, како елемент на вредноста на електричната енергија, во секој месец како пресметковен период, доколку во годината како целина преземале енергија, без оглед на тоа дали и колку електрична енергија преземале во тие месечни периоди.

5. На јавната расправа претставниците на доносителот на оспорениот акт и на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика наведоа дека електростопанската организација е должна на секој потрошувач приклучен на електроенергетскиот систем, вклучувајќи ги и сезонските потрошувачи, да му обезбеди електрична енергија од определен квалитет и количество во секое време, независно од тоа дали потрошувачот го прекинува фактичкото користење на енергијата во определен период на годината или на денот. Поради тоа испорачувачот требало да обезбедува постојана ангажираност на постојните, а и дополнителните производствени капацитети, што создавало постојани трошоци, како за производство на електрична енергија, така и за одржување и изградба на електроенергетска мрежа, трафостаници и други објекти, кои требало да се изразат во цената на електричната енергија.

6. Според член 11 став 1 алинеја 9 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ бр. 41/87) Самоуправната интересна заедница за енергетика на Македонија, помеѓу другото донесува и тарифни системи и тарифни ставови за испорака на соод-

ветниот вид енергија, а според член 32 став 2 од овој закон со тарифниот систем за продажба на соодветниот вид енергија се уредуваат тарифните ставови во однос на времето на потрошувачката, количеството на енергијата, ангажираната моќност на енергијата и т. н.

Согласно член 15 став 1 од Законот за облигационите односи во склучувањето на договорите учесниците поаѓаат од начелото на еднаквата вредност на заемните давања.

Врз основа на изнесеното, Судот смета дека не е во спротивност со Законот за енергетика потрошувачите на електрична енергија да ја плаќаат и моќта на електричната енергија како елемент на нејзината вкупна вредност, според критериумите и мерилата утврдени за нејзино пресметување, но во односите во кои тие влегуваат со производителот односно испорачувачот на електричната енергија мора да се почитува начелото на еднаквата вредност на заемните давања. Според мислењето на Судот, основ и претпоставка за плаќање на цената на било кој елемент на електричната енергија, па и на моќта, е нејзиното преземање и користење од страна на потрошувачите, што во основа е утврдено како принцип и во оспорениот член 30 од Тарифниот систем, бидејќи според него потрошувачите немаат обврска да плаќаат тарифни единици за моќ, доколку во текот на годината не потрошиле ниту еден киловат-час електрична енергија.

Тргнувајќи од изнесеното Судот утврди дека член 22 од Тарифниот систем е во спротивност со означеното начело на облигационите односи, затоа што предвидува обврска за потрошувачите на електрична енергија од висок напон да плаќаат определен износ на име пресметковна моќ на електрична енергија и во периоди кога не ја преземаат и користат.

Во однос на член 30 од Тарифниот систем, пак, Судот утврди дека начинот на кој според овој член се пресметуваат тарифните единици за пресметковна моќ, овозможува елементот на моќта на едно определено количество потрошена енергија за цела година да се плаќа дванаесеткратно односно во секој месечен пресметковен период, независно од помалото или поголемото количество енергија што се презема во тие месечни периоди, па со тоа потрошувачите кои преземале определено количество електрична енергија само во еден дел од годината, на пример во еден месец, се доведуваат во положба да ги плаќаат тарифните единици за тоа количество електрична енергија и во сите други месеци во годината, без оглед на тоа што тоа количество електрична енергија за целата година останало непроменето.

Поради тоа, Судот утврди дека член 30 од Тарифниот систем е во спротивност со начелото на еднаквата вредност на заемните давања утврдено во член 15 од Законот за облигационите односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 118/86
8 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**602.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 28 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за воведување самопридонес за изградба на објекти за водоснабдување на подрачјето на Месната заедница с. Стајковци, општина Гази Баба — Скопје, бр. 23-1, донесена од Советот на Месната заедница на с. Стајковци на 13 јуни 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената месна заедница.

3. Уставниот суд на Македонија по повод поднесена иницијатива со решение У. бр. 118/88 од 24 мај 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што за воведување самопридонес не е распишан референдум, што не е водено сметка за материјалната состојба на обврзниците и што обврзници на самопридонесот се и работните организации, поради што се постави прашањето за нејзината спротивност со законот.

4. На седницата Судот утврди дека Советот на Месната заедница на 26 мај 1988 година, донел одлука за распишување на референдум во чии член 7 е предвидено референдумот да се спроведе по пат на писмено изјаснување на работните луѓе и граѓаните. Советот на месната заедница, по писменото изјаснување на работните луѓе и граѓаните на 13 јули 1988 година донел Одлука за воведување на самопридонес.

Согласно член 6 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ“ бр. 27/78) за воведување на самопридонесот за целото подрачје на месната заедница работните луѓе и граѓаните задолжително одлучуваат по пат на референдум, а одлучувањето по пат на писмени изјави е можно само ако се работи за воведување на самопридонес на дел од месна заедница или дел од населба, станбени блокови и слично.

Со оглед на тоа што со оспорената одлука се воведува самопридонес за подрачјето на целата месна заедница, а работните луѓе и граѓаните за воведување на самопридонес се изјасниле по пат на писмени изјави, а не со референдум, Судот утврди дека оспорената одлука е во спротивност со член 6 став 1 од Законот за општите начела на самопридонесот.

4. Понатаму, Судот утврди дека според член 8 од Одлуката обврзници на самопридонесот се работните луѓе и граѓаните по основ на личен доход, работните луѓе што вршат стопанска, нестопанска и земјоделска дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните, како и пензионирани лица.

Согласно член 12 став 1 точка 6, 7 и 8 од означениот закон самопридонес во пари, покрај другото, не може да се воведе на инвалидските примања според прописите за воените инвалиди и мирновременските воени инвалиди, личните доходи на инвалидите и на други инвалидни лица вработени во заштитните работилници за професионална рехабилитација, примањата на лицата што се наоѓаат на професионална рехабилитација во тие работилници и на пензиите кои се пониски од граничниот износ на најниското пензиско примање.

Со оглед на тоа што во член 8 став 1 од Одлуката е предвидено дека обврзници на самопридонесот се и пензионерите со примања за кои според Законот не може да се воведе самопридонес во пари, Судот утврди дека тој е во спротивност со член 12 од Законот за општите начела на самопридонесот.

5. Исто така, Судот утврди дека според член 8 став 2 од Одлуката обврзници на самопридонесот се и работните организации, работните единици, продавниците и другите објекти на подрачјето на месната заедница.

Согласно член 10 став 1 од Законот обврзници на самопридонесот се работните луѓе и граѓаните кои имаат живеалиште на подрачјето за кое се воведува самопридонесот, а според став 2 на овој член обврзници на самопридонесот се и тие работни луѓе и граѓани што живеат на подрачјето за кое се воведува самопридонесот, а имаат во сопственост недвижен имот под услов од објектот што ќе се изгради со самопридонесот да имаат непосредна или посредна корист.

Според тоа, во законот не е предвидена можност обврзници на самопридонесот да бидат организации на здружениот труд и нивни делови.

Со оглед на тоа што во член 8 став 2 од Одлуката е предвидено дека обврзници на самопридонесот се и организациите на здружениот труд односно нивни делови, Судот утврди дека тој е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 118/88
28 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

---

**603.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Пробиштип за оценување уставноста и законитоста на членовите 18-а, 42, 46, 48, 49-а, 50 и 53 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Работната организација Фабрика за акумулатори „Злетово" во Пробиштип, донесен со референдум на 16 април 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општината Пробиштип, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што не биле во согласност со Уставот на СР Македонија и биле во спротивност со Законот за станбените односи.

4. На седницата Судот утврди дека според член 18-а од Правилникот висината на станбениот кредит се зголемува за 20% ако двајца членови на едно семејно домаќинство се вработени во Работната организација и заеднички го решаваат станбеното прашање. Понатаму, Судот утврди дека со член 42 од Правилникот се определуваат основните и дополнителните критериуми за утврдување редот на првенство за доделување стан на користење и дека тие критериуми се вреднуваат со соодветен број на бодови. Со член 46 од Правилникот е утврдено дека доколку двајца работници живеат кај заеднички родител и своите станбени потреби ги решаваат во Работната организација, на работникот со поголем број бодови му се признава статус на потстанар. Во член 48 од Правилникот е утврдено намалување бројот на бодовите на работникот по основот работен придонес, при утврдувањето редот на првенство за доделување на стан, ако работникот неоправдано отсуствува од работа. Со членовите 49-а и 50 од Правилникот се утврдуваат мерила по дополнителните критериуми — материјална положба на работникот и број на членовите на неговото семејно домаќинство при што за секој процент на лични примања по член на семејното домаќинство под 30% од просечниот личен доход во Општината се определува по еден бод односно за секој член на семејството на работникот се утврдуваат по 5 бода. Судот, исто така, утврди дека според член 53 од Правилникот редот на првенството за доделување на станбени кредити се определува по истите мерила по кои се утврдува редот на првенство за доделување на користење стан во општествена сопственост.

5. Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа, самоуправно право на работниците е да ги утврдат основите за определување редот на првенството за добивање на стан и станбен кредит и да ги определат мерилата по тие основи. Притоа, според мислењето на Судот, работниците се должни да ги почитуваат уставните начела на заемност и солидарност и на еднаквост на правата во согласност со уставноста и законитоста, утврдени во Оддел II став 3 алинеја 6 и 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, кои во станбената област се изразуваат во доминантното влијание на основот станбена состојба во однос на другите основи и во еднаквите права на работниците во решавањето на нивните станбени потреби.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од Правилникот работниците ги утврдиле основите и за секој од нив предвиделе мерила за определувањето редот на првенството за решавање на своите станбени потреби, при што обезбедиле доминантно влијание на основот станбена состојба во однос на другите основи, воедно не нарушувајќи ја еднаквоста на работниците во остварувањето на нивните права во решавањето на станбените потреби, Судот утврди дека оспорените одредби од Правилникот не се во несогласност и не се во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 13/89
21 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

---

**604.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ точките 14, 15 и 16 од Табелата за бројот на бодовите, составен дел на Правилникот за основите и мерилата за стекнување на доходот и распоредување на чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во Основното училиште „Лирија" во село Жеровјане, општина Тетово, донесена со референдум на 15 април 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 58/89 од 24 мај 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Табелата означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност односно спротивност со член 22 од Уставот на СР Македонија, член 92 став 1 од Законот за здружениот труд и член 9 од Законот за работните односи.

4. На седницата Судот утврди дека со точките 14, 15 и 16 од означената табела работите и работните задачи на работното место секретар различно се вреднуваат во зависност од тоа дали ги врши работник со средна, виша или висока стручна подготовка, иако според член 6 став 2 од правилникот за систематизација за извршување на работите и работните задачи секретар алтернативно е предвидена средна или виша стручна подготовка.

5. Според член 22 од Уставот на СР Македонија и член 92 став 1 од Законот за здружениот труд личниот доход на работникот се утврдува според резултатите од неговиот труд, во согласност со начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Според мислењето на Судот, кога за вршење на одредени работи и работни задачи алтернативно се предвидени два степена на стручна подготовка, вреднувањето треба да се врши според нивната сложеност ,давајќи притоа подеднакво значење на двата степена на стручна подготовка, затоа што во тој случај сложеноста на тие работи и работни задачи е таква што може со успех да ја врши секој од работниците што има еден од предвидените степени на стручна подготовка.

Со оглед на тоа што со точките 14, 15 и 16 од Табелата различно се вреднуваат работите и работните задачи секретар, за чие извршување се предвидени два степена на стручна подготовка, Судот утврди дека тие не се во согласност со начелото на распределба според трудот и резултатите од трудот утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија и член 92 став 1 од Законот за здружениот труд.

6. Согласно член 9 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ бр. 45/77, 3/83), со самоуправниот општ акт можат да се утврдат најмногу два степена на стручна подготовка.

Според мислењето на Судот, со тоа што работите и работните задачи секретар се вреднуваат во зависност од тоа дали ги врши работник со средна, виша или висока стручна подготовка, всушност се предвидуваат три степени на стручна подготовка за вршење на овие работи и работни задачи, поради што Судот утврди дека оспорените одредби од Табелата се во спротивност со член 9 од Законот за работните односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 58/89
5 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**605.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 5 од Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во основните организации на здружениот труд и работната заедница на Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски — Мерџан“ во Тетово, донесена со референдум на 17 ноември 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во Тетово, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување законитоста на член 5 од самоуправната спогодба означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што во него е предвидена распределба на станови на работници од посебно стручно раководно значење без критериуми преку кои би се утврдиле работните места од посебно значење за организациите и без основи и мерила за утврдување на редот на првенство за доделување стан на овие работници, што било во спротивност со членовите 42 и 43 од Законот за станбените односи.

4. На седницата Судот утврди дека во оспорениот член 5 став 1 од означената самоуправна спогодба е предвидено 15% од становите да се издвојат за работници од посебно стручно раководно значење за работата на основните организации и работната заедница, а според став 2 на овој член како вакви кадри се сметаат работниците со висока стручна подготовка. Во став 3 на овој член од спогодбата е предвидена можност да се отстапи од став 2 на овој член, ако се работи за дефицитарни кадри кои треба да се примаат на работа надвор од Комбинатот.

5. Според член 193 став 1 од Законот за здружениот труд со средствата за заедничка потрошувачка управуваат работниците во здружениот труд што ги здружиле тие средства од чистиот доход на својата организација и од своите лични доходи, на начинот утврден со самоуправен општ акт.

Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) работниците во организацијата на здружениот труд со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење, како и основите и мерилата за определување на редот на првенство во доделувањето на станови на користење.

Според мислењето на Судот, не е во спротивност со означените законски одредби работниците, во рамките на самоуправното право да управуваат и одлучуваат за средства за заедничка потрошувачка, да издвојат и наменат дел од тие средства заради решавање на станбените потреби на работниците од посебно значење за организацијата на здружен труд или за работници кои се смстаат за дефицитарни кадри. Притоа, тие, според мислењето на Судот, се должни, утврдувајќи ги условите за доделување стан на користење на овие работници, поблиску да определат кои стручни кадри, според видот и степенот на стручната подготовка, се сметаат за кадри од посебно значење за организацијата на здружениот труд со оглед на потребите на процесот на трудот, како и да утврдат основи и мерила за определување на редот на првенството во давањето станови на користење на овие кадри.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 5 од означената самоуправна спогодба како кадри од посебно стручно раководно значење се предвидени сите работници со висока стручна подготовка, без да се определат поблиски критериуми за тоа кои работници се сметаат за такви кадри односно не се утврдени објективни критериуми за определување на дефицитарните кадри, како и со оглед на тоа што не се предвидени основи и мерила за определување на редот на првенство за доделување стан на тие работници, Судот утврди дека тој е во спротивност со означените одредби од Законот за станбените односи

6. Според член 135 став 2 од Законот за здружениот труд за поединечните права, обврски и одговорности на работниците одлучува работничкиот совет или комисија што ќе ја формира.

Со оглед на тоа што според став 5 на оспорениот член од самоуправната спогодба по приговор на работниците против одлуката на Комисијата одлучува Извршниот одбор, а не Работничкиот совет на Комбинатот, Судот утврди дека тој е во спротивност и со означените одредби од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 68/89
14 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**606.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 68 став 1 точка 1 од Правилникот за заедничките основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во Работната организација „Македонија-Спорт“ во Скопје, донесен со референдум на 7 јануари 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општествениот правобранител на самоуправувањето на град Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување законитоста на член 68 став 1 точка 1 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што предвидува да се врши замена на стан меѓу работникот што го користи станот и работната организација со стан кој е нераспределен, што било во спротивност со член 25 од Законот за станбените односи.

4. На седницата Судот утврди дека во член 68 став 1 точка 1 од Правилникот е предвидено дека работникот — носител на станарско право може да го реши своето станбено прашање со замена на станот што го користи за стан кој и е доделен на организацијата од Самоуправната интересна заедница за становање, а не е распределен.

5. Според член 25 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) носителите на станарско право можат да вршат замена на становите само со претходна писмена согласност од давателите на становите на користење. Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од овој закон станот на користење го дава давателот на станот во согласност со самоуправниот општ акт односно со општиот акт со кој се уредуваат условите и начинот на давање станови на користење, врз основа на редот на првенство што го утврдува надлежниот орган на давателот на стан на користење.

Од означените одредби од законот произлегува дека замената на стан може да се врши меѓу носители на станарско право по претходно добиена согласност на давателот на станот на користење, а не меѓу носител на станарско право и работна организација.

Со оглед на тоа што во член 68 став 1 од Правилникот се предвидува носителот на станарско право да врши замена на стан со работната организација, Судот смета дека со тоа се овозможува замена на стан спротивно на условите предвидени во законот и всушност се врши доделување на стан независно од основите и мерилата утврдени во самоуправниот општ акт, поради што утврди дека тој е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 76/89
21 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**607.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 28 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 10 став 1 точка 1 алинеја 4 од Правилникот за распределба на станови и средства за станбена изградба на Работната организација „Макпетрол“ во Скопје, донесен со референдум на 22 март 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 49/89 од 12 април 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 10 став 1 точка 1 алинеја 4 од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност односно спротивност со начелото на еднаквост утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија и член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според член 10 став 1 точка 1 алинеја 4 од Правилникот, при вреднувањето на станбените услови на работникот, за времето што го поминал во „Макпетрол“ добива до 100 бода во зависност од годините на работа во организацијата, а според член 10 став 4 од правилникот, при вреднувањето на работниот стаж, за секоја година работен стаж, независно дали е стекнат во работната организација или вон неа, работникот добива по еден бод.

Согласно начелото на еднаквост утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија неприкосновената положба и улогата на човекот ја сочинуваат, покрај другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста.

Според член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд правото на работа со општествени средства што го стекнува секој работник во здружениот труд е основа за остварување на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд, а работејќи со средства во општествена сопственост работникот создава доход кој има општествен карактер. Дел од создадениот доход односно дел од чистиот доход работниците во основната организација издвојуваат во фондот за заедничка потрошувачка, кој, покрај другото, го користат и за обезбедување станови за задоволување на личните и семејните станбени потреби на работниците.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека различното вреднување на работниот стаж како основ за распределба на станови и станбени кредити претставува неоправдано привилегирање на работниците кои работниот стаж го стекнале во организацијата во која се вработени во моментот на решавањето на станбеното прашање и создава можност за двојно вреднување на редот на првенството на тие работници по ист основ. Тргнувајќи од општествениот карактер на доходот, како и од работниот стаж како елемент и израз на личниот придонес на работникот што со својот труд го дал за зголемување на материјалната основа на социјалистичкото општество, Судот смета дека различното вреднување на работниот стаж, во зависност од тоа дали е стекнат во или вон работната организација, создава нееднаквост меѓу работниците во распределбата на средствата за станбена изградба. Поради тоа Судот утврди дека оспорената одредба од Правилникот не е во согласност, односно е спротивна со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 49/89
28 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**273.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во согласност со Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во органите на општествено-политичките заедници на општествено-политичките организации („Службен лист на СФРЈ“ број 57/84, 40/86 и 50/87), Собранието на СР Македонија, Претседателството на СРМ, Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, Републичката конференција на сојузот на социјалистичка младина на Македонија (во натамошниот текст: учесници), склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКАТА

1. Во Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 20/85, 40/86) во точка 17 зборовите „претходното тромесечје“ се заменуваат со зборовите „претходниот месец“ а зборот „тримесечно“ се заменува со зборот „месечно“.

Во точката 30, се додава нов став 4 кој гласи: „одредбите од ставот 2 и 3 на оваа точка не се однесуваат на функционерите на кои им истекнал мандатот, односно кој е разрешен од должноста, а кој ги исполнува условите за остварување право на старосна пензија.“

Во точката 31 потточка 1) зборовите „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточка 3) зборовите „во претходниот периодичен пресметковен период се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточка 5) зборовите „во претходната година“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточка 8) зборовите „претходната периодична пресметка односно завршна сметка“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

2. Овој општествен договор се смета за заклучен кога ќе го усвојат учесниците на Договорот и ќе го потпишат нивните овластени претставници.

3. Овој општествен договор ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Потписници:

За Собранието на СРМ,
**Дургут Едиповски**, с. р.

За Претседателството на СРМ,
**Ѓоре Михајловски**, с. р.

За Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија,
**Фити Таки**, с. р.

За Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија,
**Стефан Филиповски**, с. р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија,
**Пантелеј Панев**, с. р.

За Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВМ,
**Мети Крлиу**, с. р.

За Републичката конференција на Сојузот на социјалистичка младина на Македонија,
**Никола Попоски**, с. р.

---

**274.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и точка 35 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката, („Службен весник на СРМ“ број 20/85, 40/86 и 31/87), Собранието на СР Македонија, Претседателството на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија и Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија (во натамошниот текст: учесници), склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ФУНКЦИИ, НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ВО ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКАТА

1. Во Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во органите на општественополитичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 16/86, 40/86 и 31/87), во точката 16 зборовите „претходното тромесечје“ се заменуваат со зборовите „претходниот месец“ а зборот „тримесечно“ се заменува со зборот „месечно“.

Во точката 27 потточката 1) зборовите „во претходниот пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточката 3) зборовите „во претходниот периодичен пресметковен период“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточката 5) зборовите „во претходната година“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

Во потточка 8) зборовите „претходната периодична пресметка односно завршна сметка“ се заменуваат со зборовите „во претходните три месеци“.

2. Овој општествен договор се смета за заклучен откако ќе го усвојат учесниците на Договорот и ќе го потпишат нивните овластени претставници.

3. Овој општествен договор ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Потписници:

За Собранието на СРМ,
**Дургут Едиповски,** с. р.

За Претседателството на СРМ,
**Ѓоре Михајловски,** с. р.

За Извршен совет на Собранието на СРМ,
**Јанко Обочки,** с. р.

За Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија,
**Стефан Филиповски,** с. р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија,
**Пантелеј Панев,** с. р.

За Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВМ,
**Мети Крлиу,** с. р.

За Републичката конференција на Сојузот на социјалистичка младина на Македонија,
**Никола Попоски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Алиќ Дино од Скопје, со стан на ул. „Серава“ бр. 74/2, против тужената Алиќ Соња, родена Тренковска.

Се повикува тужената Алиќ Соња од Скопје, да се јави во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во Општинскиот суд Скопје II. Доколку тужената не се јави ќе и биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред овој суд.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, III П. бр. 2802/88.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Неџати Амети од Тетово, против тужената Анита Османовска од Куманово, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува тужената да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе ја застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно по истекот на рокот судот преку Центарот за социјална работа Тетово, ќе и постави привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1375/89.

---

Пред овој суд се води постапка за физичка делба по предлог на предлагачката Загорка Николовска ул. „М. Тито“ бр. 106/9, против Тасевски Лазо, Стефанович Славка и Кировска Ѕвезда сите од с. Одри, а сега со непозната адреса во САД.

Се повикуваат противниците Тасевски Лазо, Стефанович Славка и Кировска Ѕвезда да се јават пред судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок ополномоштат свој застапник во земјата кој ќе се грижи за нивните интереси Во спротивно, по истекот на овој рок судот ќе им одреди привремен застапник кој ќе ги застапува нивните интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, ВПС бр. 298/89.

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 426 од 27. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2326-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на станбената задруга под фирма: Станбена задруга „ЈАВОР“, О. Сол. О., Титов Велес, ул. „Борис Карпузов“ бр. 2.

Задругата е основана со одлука од 5. IV. 1989 година, и самоуправна спогодба бр. 03-1 од 5. IV 1989 година, а основачи на задругата се: Стојовска Јагода, Мецановски Зоран, Ристова Елица, Ќормичева Македонка, Петрова Нада, Богданов Никола, Алексовска Васа, Гуџова Снежана, Бановски Никола, Андов Стојан, Ташева Костанда, Арсовски Трајче, Пренџова Соња. Ивановска Каролина, Трајковски Пецо, Мартулков Димче, Трајкова Бранка, Исмаилова Мајмире, Андонова Македонка и Стојковска Василка.

Дејности: 1 вршење на инвеститорски работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се наоѓаат во станбената зграда во која се наоѓаат станови на членовите на Задругата.

2. организирање на штедење за стан на членовите на задругата;

3. купување станбени згради и станови, како деловни простории доколку истите се предвидени во станбената задруга во која се наоѓа и станот на членот на станбената задруга заинтересиран за вршење на дејноста со личен труд, од општествено-правно лице за потребите на своите членови;

4. набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбена задруга станови и деловни простории за своите членови;

5. одржување на станбени згради и станови на членовите на станбената задруга;

6. кредитно штедно работење, прибирање парични средства и давање зајмови за изградување на станови, купување на станови и други потребни материјали и репроматеријали за потребите на членовите на задругата и нивните семејства.

Задругата во правниот промет со трети лица иступува во свое име и за своја сметка и во свое име за сметка на своите членови.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата одговараат ограничено солидарно задругарите до висина на трикратниот износ на влогот од 150.000 динари односно 450.000 динари за секоја обврска.

Лице овластено за застапување е Стојковска Јагода, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 426/89. (204)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 432 од 28 IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-97-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата со следните податоци: Досегашната фирма на Институтот за градни болести и туберкулоза на СРМ со Ц. О., Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, се менува и во иднина ќе гласи Институт за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ, Ц. О., Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 432/89 (166)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 144 од 21 IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 583 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Институтот за тутун — Прилеп, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Томе Грабулоски, директор, без ограничување (досегашен в. д. директор).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 144/89. (176)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 428 од 23. V. 1989 година, на регистарска влошка бр 2-2324-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на ЗЗ под фирма: Земјоделска задруга „Калинка“ О. Сол. О. — Валандово.

Задругата е основана со усвојување на самоуправната спогодба од страна на основачите за здружување во земјоделска задруга усвоена на 14. I. 1989 година.

Основачи на задругата се: Драги Дурлојков, Никола Куцуловски, Крум Василев, Ристо Дурлојков, Димитар Дурлојков, Јосиф Митев, Кирил Стојанов, Кирило Џонов, Ѓорѓи Пршкарски, Вангел Парнарков, Лазар Џонов, Ефтим Џингарски, Јордан Зизајковски, Стефан Лазаров, Андон Аџиев и Васил Влахов.

Дејност на задругата: 020110 — полјоделство; 020121 — овоштарство; 020131 — производство на грозје; 020140 — сточарство; 020201 — земјоделски услуги.

Споредна дејност: 070132 — останата трговија со мешовита стока, на предмети од неметали — 090110 — изработка на предмети од неметали.

Во правниот промет со трети лица задругата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата одговараат и задругарите — основачи во висина на основачкиот влог кој изнесува 100.000 динари.

Лице овластено за застапување е Влахов Борис Васил, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 428/89. (184)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 266 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1580-8-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната орагнизација за основно образование и воспитание „11 Септември“ н. сол. о. со ООЗТ Кичево, ООЗТ Централно основно училиште „Мирче Ацев“ с. Лисичани, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Саздовски Младен, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Јаковлевски Душан, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 266/89. (189)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 134 од 21. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 4-1953-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност и промената на лицето овластено за застапување на Авто мото друштвото „Страшо Пинџур“, Кавадарци, ул. „29 Ноември“ бр. 8, Работна заедница за обука на возачи, н. сол. о. Кавадарци, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност со:

070140 — трговија на мало со моторни возила и делови (на стари возила со процена).

Се брише досегашниот застапник Пендев Трајко раководител, а се запишува Захариев Душко, раководител, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 134/89. (190)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 490 од 29. V. 1989 година, на регистарска влошка бр 2-1039-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето со следните податоци: Досегашното седиште на Услужно електро-инсталатерската задруга „Едисон“ РО Скопје, ул. „Цветан Димов“ бр 9/5 Бутел II, се менува и во иднина ќе гласи: ул. „Шуто Оризари“ бб — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 490/89. (199)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 275 од 20. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2003-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Градежно занаетчиската задруга „Наша куќа“ Р. О. Скопје, ул. „III-та Македонска бригада“ бб, се менува и во иднина ќе гласи: Градежно занаетчиска задруга „Триглав“ Р. О. Скопје, ул. „III-та Македонска бригада“ бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 275/89. (133)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1092/88 од 17. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-711-0-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на основното училиште поради укинување со следните податоци: Се запишува бришењето на Основното училиште „11 Октомври“, Ц. О., с. Симница — Гостивар, поради укинување на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1092/88. (159)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 214 од 18. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-821-0-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на основното училиште поради укинување со следните податоци: Се запишува бришењето на Централното основно училиште „Дешка Тошева“, Ц. О., с. Бегниште — Кавадарци, поради укинување на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 214/89. (161)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 454 од 9. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-724-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Ученичкиот дом „Мирко Милески“, Ц. О., Кичево, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Дескоски Пецо, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Трајаноски Јован, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 454/89. (160)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 453 од 10. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-244-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување и привремените мерки на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Ц. О., Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Танас Вражиновски, в. д. директор, без ограничување, а се запишуваат привремените мерки и лицето Васил Тоциновски, привремен управник, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 453/89. (163)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 408 од 20. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1369-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница за патишта, со Ц. О., Титов Велес, ул. „Димо Хаџи Димов“ бр. 23, со следните податоци: Досегашниот в. д. секретар, Борис Неделков, се запишува како секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 408/89. (170)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 98 од 5. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 65 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО „Ветеринарна станица и Живинарска фарма" — Демир Хисар, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Кузмановски Вангел, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Прчковски Мирко.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 98/89. (174)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 86 од 27. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 106 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" — Битола, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Гаштаров Лазо Пеце, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Михајловски П. Владимир.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 86/89. (179)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 455 од 18. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-675-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Злате Дамјаноски", Ц. О., Гостивар, с. Вруток, Гостивар, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Исмаили Рашит, директор, а се запишува новиот застапник Амедани Џеладин, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 455/89. (186)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 330 од 24. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-373-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Кирил и Методиј" — Стојаково со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Аврамчев Ристо, директор, а се запишува новиот застапник Трајков Борис, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 330/89. (187)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 433 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-869-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Ветеринарната станица „Кичево", Ц. О., Кичево, ул. „Маршал Тито" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Наумоски Величе, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Аце Деловски дипл. ветеринарен лекар, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 433/89. (188)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 304 од 24. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1905-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Монтажно инсталатерската задруга „Грмеч", Р. О., Скопје, ул. „Босна и Херцеговина" бб Скопје, барака 3 Бутел II, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Муковиќ Хивзо, директор, а се запишува новиот застапник Костовски Тасе, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 304/89. (132)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 265 од 20. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2218-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Климент Охридски" со Ц. О. с. Глоѓи, Тетово, со следните податоци. Се брише досегашниот застапник Бурханедин Исаки, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Џемали Серветр, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 265/89. (139)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 195 од 22. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2308-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на станбената задруга под фирма: Станбена задруга „Напредок", О. Сол. О., Неготино, ул. „Пекарев" бр. 1.

Задругата е основана со самоуправна спогодба за здружување во станбена задруга од 2. XII. 1988 година од следните основачи — задругари: Панов Бранко, Најдо Петров, Иванов Ристо, Јованов Тони, Стојанов Тоде, Андов Ристо, Чимов Трајче, Марков Ристо, Ангеловски Никола, Јованов Игно, Наков Блажо, Ајтов Бранко, Василев Ѓорѓи, Трајков Ристо, Ристов Петко, Камчев Анѓел, Пиштолов Трајче, Верманцелиев Ано, Димов Никола и Најдов Ѓорѓи.

Основна дејност: 1. вршење на инвеститорски работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории, доколку истите се наоѓаат и становите на членовите на задругата;

2. организирање на штедење за стан за членовите на задругата;

3. купување станбени згради и станови, како и деловни простории доколку истите се предвидени во станбената зграда во која се наоѓа и станот на членот на станбената задруга заинтересиран за вршење на дејност со личен труд од општествено-правни лица за потребите на своите членови;

4. набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбени згради, станови и деловни простории за своите членови;

5. одржување на станбени згради и станови на членовите на станбената задруга.

Во правниот промет со трети лица станбената задруга настапува во свое име и за своја сметка, односно во свое име, а за сметка на своите членови.

Станбената задруга за настанатите обврски во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

За обврските на станбената задруга со трети лица членовите на станбената задруга одговараат ограничено солидарно до трикратниот износ на здружениот влог и тоа за секоја обврска кој изнесува 50.000 динари.

Лице овластено за застапување е Јованов Тони, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 195/89. (127)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 255 од 5. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-864-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Климент Охридски" с. Миравци, со Ц. О., со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Велковски Ангел, директор, а се запишува новиот застапник Лешева Ристо Мирјана, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 255/89. (145)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 367 од 12. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-727-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација Библиотека „Тане Георгиевски“, со Ц. О., Куманово, ул. „Народна револуција“ бр. 1, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Благоја Игњатовски, директор, а се запишува новиот застапник Нада Ивановска, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 367/89. (150)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 299 од 1. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-729-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст „Ангел Шајче“, Ц. О. — Куманово, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Николовска Доста, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Спасо Цветановски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 299/89. (142)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 321 од 11. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1859-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и промената на лицето овластено за застапување со следните податоци: Се запишува промената на седиштето на Станбената задруга „Пролет“ О. Сол. О. Скопје, ул. „Иван Милутиновиќ“ бр. 1 и во иднина ќе гласи: Станбена задруга „Пролет“, О. Сол. О., ул. „Анастас Митрев“ бб — Скопје. Се брише досегашниот застапник Вангеловски Никола, директор, а се запишува новиот застапник Стефановски Зоран, в. д. директор, неограничено

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 321/89. (152)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 380 од 14. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1618-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на СОЗТ Универзитетски центар за уметности РО Факултет за ликовни уметности со Ц. О., Скопје, ул. „Битпазарска“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник декан проф. Стефан Маневски, а се запишува новиот застапник доцент Момчило Петровски в. д. декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 380/89. (155)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 377 од 20. IV, 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-749-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето и поблиската адреса со следните податоци: Досегашното седиште и поблиската адреса на Занаетчиско изолатерската задруга „Изо Скопје“, Р. О., Скопје, ул. „Мито Хаџи Василев“ бр. 16, Градски ѕид кула 11, се менува и во иднина ќе гласи. Занаетчиско изолатерска задруга „Изо Скопје“, Р. О., Скопје, ул. „Првомајска“ бр. 10.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 377/89. (156)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 262 од 3. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2311-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на задругата под фирма: Општа задруга „Тргокоперант“, О. Сол. О., Скопје, ул. „Јоаким Крчовски“ бр. 11.

Задругата е основана со здружување на самостојни занаетчии кооперанти на 25. XI. 1988 година, со записник од одржаниот состанок за конституирање од 25. XI. 1988 година, а од следните занаетчии: Кржаловски Драгиша, Крајнц Јанко, Пецаков Благојче, Петрушевски Борко и Крстевска Светлана.

Основни дејности: 57 — изработка на предмети од пластични маси и вештачки смоли; металопреработувачка дејност.

Во правниот промет со трети лица задругата иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските на задругата сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата одговараат и задругарите солидарно во висина на двократниот износ од здружениот влог кој изнесува 200.000 динари.

Лице овластено за застапување е Крстевски Тодор, в. д. работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 262/89. (157)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 404 од 21. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2302-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Градежната занаетчиска задруга „Кооперант“ О. суп. О. с. Вејце — Тетово, со следните податоци: Се брише досегашниот в. д. директор, Селмани Даут, а се запишува Сељами Шериф, како в. д. директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 404/89. (158)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 397 од 14. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2186-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Производно услужна задруга „Вардарски Мотиви“ со Ц. О., ул. „Трајче Панов“ бр. 26, Титов Велес, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Трајчевски Методија, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Челбов Благој, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 397/89. (159)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 190 од 3. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1301-31-0-0, го запиша во судскиот регистар формирањето и конституирањето на Работната заедница под фирма: Самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — Работна заедница на Центарот за автоматска обработка на податоци: Скопје, ул. „Градски ѕид“ — Станбен блок IX.

Работната заедница е формирана со одлука бр. 02-2746/1 од 22. IX. 1988 година, од Собранието на СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Основни дејности: 110905 — услуга за обработка на податоци:

— услуга на обработка на податоци со сопствени машини и уреди за автоматска обработка на податоци.

Во правниот промет со трети лица Работната заедница иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските во правниот промет со трети лица Работната заедница одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Методија Гочевски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 190/89. (169)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Срег. бр. 119 од 12. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 533 ја запиша во судскиот регис-

тар промената на лицето овластено за застапување на Спортско рекреативниот центар „Билјанини извори“ — Охрид, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Ристо Трајковски, директор (досегашен в. д. директор).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 119/89. (175)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 470 од 19. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2162, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Студена Вода“, Р. О., с. Доброшани — Куманово, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Секирарски Љубомир, директор, а се запишуваат привремените мерки и лицето овластено за застапување Момчило Цветановски, привремен управник, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 470/89. (192)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 346 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2325-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на земјоделската задруга под фирма: Земјоделска задруга „Козјак“, О. Сол. О., с. Старо Нагоричане — Куманово.

Одлука за основање на земјоделската задруга донесена е на 24. II. 1989 година, од следните задругари: Марковиќ Славе, Цветановиќ Трајко, Трајковиќ Јевтимије Трајковски Чедомир, Стојановиќ Томислав, Димитријевиќ Јовица, Николиќ Стојча, Пешиќ Радивоја, Величковски Звонко, Денковски Владе, Кузмановиќ Слободан, Кузмановиќ Манаско, Николиќ Раде, Пешевски Часлав, Илиќ Слободан, Тасиќ Марко, Тасиќ Драган, Николиќ Александрија, Трајковиќ Драгослав, Денковски Славе, Зафировски Милорад и Денковиќ Стојан.

Дејност на задругата: 020110 — полјоделско производство; 020121 — производство на овошје; 020131 — производство на грозје; 020140 — сточарство; 020201 — земјоделски услуги за растително производство; 020202 — земјоделски услуги во сточарство; 070113 — месо, живина, риби и месни преработки и 070112 — зеленчук, овошје и преработки од нив.

Земјоделската задруга во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

Земјоделската задруга за обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите средства.

За обврските на задругата сторени во правниот промет со трети лица одговараат и задругарите ограничено солидарно во висина на три пати зголемен здружен влог кој изнесува 500.000 динари.

Лице овластено за застапување е Денковиќ Стојан, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 346/89. (194)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 461 од 16. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-753-0-0-0, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Никола Глигоров, досегашен директор, а се запишува новиот застапник Александар Димовски, претседател на привремениот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 461/89. (197)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 437 од 28. IV. 1989 година- на регистарска влошка бр. 2-2037-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Градежната занаетчиска задруга „Градежник, Р. О., Скопје, ул. „474“ бр. 7, со следните податоци: Досегашниот в. д. директор Цепаровски Васко, се именува за директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 437/89. (200)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 148 од 27. III. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2157-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на основната дејност и пристапувањето и истапувањето на членовите на Производно услужната задруга за изработка и уградување на метална и пластична галантерија и завршни работи во градежништвото „Феропласт“, Р. О., Скопје, ул. „Иво Лола Рибар“ бб, со следните податоци: Се запишува проширувањето на основната дејност:

— изработка на предмети од хартија;

— производство на амбалажна хартија;

— друга изработка на хартија и сито штампа.

Се запишува истапувањето на следните основачи: Цекиќ Миодраг, Димов Мирослав и Стоевски Боби.

Се запишува пристапувањето на следниот основач: Спасовски Марјан.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 148/89. (135)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 427 од 26. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1868-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Републичкиот завод за трансфузиологија, Ц. О., Скопје ул. „Водњанска“ бр. 17, со следните податоци: Се запишува промената на својството на досегашниот директор, асс. др. Драган Ивановски, да се запише како в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 427/89. (164)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 133 од 13. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 318-03, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ Медицински центар „Борка Талески“ — Прилеп, ООЗТ Здравствен дом Крушево, со следните податоци: Лице овластено за застапување е д-р Никола Марковски, в. д. индивидуален работоводен орган.

Му престанува овластувањето на д-р Анастас Стојчески

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 133/89. (182)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 115 од 11. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 46, го запиша во судскиот регистар престанокот со работа и бришењето од регистарот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Охрид ,со следните податоци: Се запишува престанокот со работа и бришење од регистарот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Охрид.

Средствата, правата и обврските се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 115/89. (183)

О Б Ј А В А

Врз основа на член 20-а од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" бр. 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88 и 18/89), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

ПРОЦЕНТОТ НА КУМУЛАТИВНИОТ ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО ПЕРИОДОТ ЈУЛИ-АВГУСТ 1989 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во периодот јули-август 1989 година во однос на просечните цени на мало во првото полугодие од 1989 година изнесува 144,5%.

Бр. 02-3588/1
5 септември 1989 година
Скопје

Директор
на Републичкиот завод
за статистика,
**Светлана Антоновска**, с. р.

**НИРО Службен весник на СРМ располага со следните изданија:**

**УСТАВ НА СФРЈ И УСТАВ НА СРМ**
**— со амандманите —**
**Цена 50.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД**
**(Пречистен текст)**
**Цена 32.500 дин.**

**КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СФРЈ И КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СРМ**
**Трето изменето и дополнето издание**
**Цена 27.500 дин.**

**ЗАКОН ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 30.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД СЕМЕЈНОТО ПРАВО**
**— со судска практика и со предметен регистар —**
**Трето изменето и дополнето издание**
**Цена 25.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРАВО**
**— со предговор и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 15.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА И ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ**
**— со упатства —**
**Цена 4.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 17.500 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО И ВОНПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите —**
**Второ изменето и дополнето издание**
**Цена 24.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**
**Цена 17.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА**
**(Пречистен текст)**
**Цена 22.500 дин.**

**ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1980—1984 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**книга III**
**Цена 35.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ**
**Цена 20.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**Цена 15.000 дин.**

**СОДРЖИНА**

Страна

596. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување директор на Студентскиот центар „Скопје" — Скопје 601
597. Одлука за изменување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — — — 601
598. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распоредување на средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес на Републиката за 1989 година — — — — — — — 601
599. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — 601
600. Упатство за начинот и постапката за водење на евиденција на објектите за заштита — — — — — — — — — 602
601. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 118/86 од 8 јули 1989 година — — 605
602. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 118/88 од 28 јуни 1989 година — 606
603. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 13/89 од 21 јуни 1989 година — 607
604. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 58/89 од 5 јули 1989 година — — 607
605. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 68/89 од 14 јуни 1989 година — 608
606. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 76/89 од 21 јуни 1989 година — 609
607. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 49/89 од 28 јуни 1989 година — 609

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

273. Општествен договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката — — — — — — — 610
274. Општествен договор за изменување и дополнување на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, на функционерите и раководните работници во републичките органи и во органите на општествено-политичките организации во Републиката — — — — 610

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје ул. Васил Ѓоргов" бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**